СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четиринаесетта седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 14 март 1995 година

Скопје, март 1995 година

**ДИСКУТАНТИ НА 14-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 14 март 1995г.**


| | |
|---|---|
| 1. АНДОВ СТОЈАН -13, 36, 77 | <u>дневен ред на стр.15</u> |
| 2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 37, 39 | т.1-стр.15 |
| 3. ГОШЕВ ТУШЕ - 32, 64, 66 | т.2-стр.16 |
| 4. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 60 | т.3-стр.17 |
| 5. МИЉОВСКИ ЈАНЕ - 2,17, 21, 22, 30, 31, 34, 47 | т.4-стр.47 |
| 6. МЕШКОВ ЉУПЧО - 31 | т.5-стр.68 |
| 7. НАУМОВСКИ СИМЕОН - 23 | т.6-стр.69 |
| 8. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 27, 63 | т.7-стр.70 |
| 9. ПЕЦОВ МИРКО - 61 | т.8-стр.70 |
| 10. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 8 | т.9-стр.71 |
| 11. РАМАДАНИ ХИСЕН - 10, 12, 73 | т.10-стр.71 |
| 12. РУЖИН НАНО - 77 | т.11-стр.72 |
| 13. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 6, 74 | т.12-стр.76 |
| 14. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 16, 62 | т.13-стр.77 |
| 15. ТРПЕСКИ ЉУБЕ - 41, 42, 43, 44 | т.14-стр.78 |
| 16. ХАСИПИ КЕНАН - 72, 75, 76 | т.14-стр.79 |
| 17. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 55 | |


седницата е завршена

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија одржан ана 14 март 1995 година

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Марјан Начевски, Фаик Абди, Никола Поповски, Киро Поповски и Љубосав Иванов ме известија дека од оправдани причинине се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет и претседателот на Републичката (Државна) изборна комисија.

Записниците од 9-та и 13-та седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (Нема)

.

I/2.-ЛП/ОМ

Констатирам дека записниците од 9-та и 13-та седница на Собранието на Република Македонија се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за акцизите.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на овој закон по итна постапка.

Има збор министерот за Финансии, г-дин Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа, ние пред една седница на ова тело, на Собранието, ја најавивме потребата во релативно забрзан од да се донесат цела низа закони. Еден од нив е и предложениот закон за акцизи, со кој ќе треба да се приберат додатни средства за оној износ кој недостасуваше во Буџетот и еден дел од средствата кои недостасуваат во Фондот за пензиско осигурување во оваа година. Додатните средства кои ќе се приберат со оваа акциза заедно со предложените мерки за намалување на трошоците на Фондот за пензиско осигурување би требало Фондот , кон средината на годината , да го донесат во состојба да не создава поголеми трошоци од колку што се приходите туку текот на приходите и расходите да се изедначат.

Доколку сега не би го донеле овој закон, прво би се појавил недостаток на средства во Буџетот, затоа што ако се сеќавате пред Нова Година ние донесовме едно покачување на акцизите, меѓутоа, уште тогаш најавивме дека е планирано уште едно, не сакавме да ги

предложиме и двете заради тоа што не сакавме да има удар, шок да не биде , подигањето на акцизите да не делува шокантно на граѓаните и заради тоа најавивме дека би го донеле во две фази. Првата фаза беше пред Нова Година, а сега е;практично втората фаза на подигање на акцизата, со која што би се пополниле овие две празнини во Буџетот и во Фондот.

Ако пак од било кои причини одложиме денес донесување на оваа акциза, едноставно недостатокот на приходи во Буџетот ќе почне да се појавува и да создава особени проблеми. Исто така, ќе почнат да се зголемуваат и проблемите на Фондот, затоа што еден од планираните расходи ќе изостане. Од тука, во оној момент кога ќе се одлучиме да ја донесеме би требале да покриваме и уште поголем број натрпани нерешени трошоци од колку што е тоа во овој момент.

Оттука, итноста за донесување на овој закон е диктирана од фактот што трошоците на Фондот се поголеми од неговите приходи и што планираните трошоци во Буџетот се поголеми од приходите што во системот ги има.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на Владата, молам да крене рака?

78 пратеници се за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Владата на Република Македонија поднесе Предлог за донесување на закон за санација и реконструкција на дел од банкарскиот систем во република Македонија, со Предлог на закон кој Ви е доставен.

I/4.-

При доставувањето на Предлогот на овој закон Владата поднесе предлог Собранието да го донесе овој закон во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

79 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Предлагам дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на одлуката за утврдување бројот на судии во Врховниот суд на Македонија, во окружните судови и Стопанскиот суд на Македонија и окружните стопански судови.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

82 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата достави Предлог на одлука за разрешување и именување член на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев", Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" - Скопје за разрешување од должност индивидуален работоводен орган на Институтот и Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија и поради потребата од нивно што поскоро донесување предложи тие да бидат разгледани на 11-та седница.

Предлагам овие предлози на одлуки да ги разгледаме на денешната седница.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

79 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За седницата го предлагам следниот **дневен ред:**

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;

2. Предлог на закон за изменување на Законот за акцизите;

3. Предлог за донесување на закон за санација и реконструкција на дел од банкарскиот систем во Република Македонија, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за трговските друштва;

5. Предлог одлука за изменување на Одлуката за утврдување бројот на судиите во Врховниот суд на Македонија, Окружните судови, Стопанскиот суд на Македонија и Окружните стопански судови;

6. Предлог на одлука за разрешување и именување член на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев";

7. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" Скопје за разрешување од должноста индивидуален работоводен орган на Институтот;

8. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување на индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека Комисијата за избор и именување непосредно пред почетокот на седницава заврши со работа и со усогласување помеѓу пратеничките групи изготви предлози за формирање на 7 пратенички групи од Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентите на Турција, Албанија, Бугарија, Словенија, Италија, Русија и Франција, одлуките се изготвуваат технички, ќе Ви бидат доставени, јас го молам Собранието овие одлуки да се постават на денешната седница на дневен ред, со тоа што би ја завршиле и оваа работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, претседателот на Комисијата за избор и именувања во име на Комисијата ни предлага следното:

9. Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Албанија;

10. Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија;

11. Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција;

12. Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Италија;

13. Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција;

14. Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија;

15. Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Руската федерација.

Кој е за овој предлог на Комисијата за избор и именување, молам да крене рака.

89 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)
Констатирам дека Собранието го усвои о©ој предлог.

Дали има други предлози во врска со дневниот ред? (Нема)

Тогаш предложениот дневен ред го давам на гласање.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

90 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е утврден предложениот дневен ред.

Г-динот Исмет Рамадани, бараше збор, нешто процедурално.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, Пратеничката група на Партијата за Демократски просперитет, како што е познато ја напушти десеттата седница на Собранието на Република Македонија поради несогласување со предложените, за жал и усвоени без наше присуство закони, кои непосредно го повредуваат нашиот граѓански и национален идентитет од аспект на употребата на мајчиниот јазик. Нашето парламентарно дејствување уште повеќе се постави пред едно големо прашање со неумереното политичко однесување на државниот врв за и околу Тетовскиот универзитет, оставајќи простор со една ваква племенита иницијатива, наместо интелектуалци и одговорни политичари да се бават несериозни луѓе и полициски кордони кои најдоброто што го знаат употребата на силата и оружјето за разрешување на проблемите. Така, кога се појавуваат пречки во дијалогот, кога не се разговара со заемно сослушување, разбирање и почитување преовладува ирационалното однесување, манифестирано со гнев и револт на граѓани, таму некогаш на Бит Пазар, таму некаде во Мала Речица и ваму некаде пред Собранието на Република Македонија. Тогаш на Бит Пазар и таму во Мала Речица и , еве добра прилика, полицијата да биде ефикасна со 5 убиени граѓани.

Пратеничката група на ПДП, чувствувајќи се одговорно во својата долгорочна политичка мисија на политичката сцена на Република

Македонија за рамномерна добробит на сите граѓани ќе продолжи и ќе направи се да го афирмира институционалното решавање на проблемите и низ парламентарно однесуваше. Но секогаш и сега кога е најпотребно порачува:

1. Предлозите , иницијативите и законските проекти поставени и доставени од нашата пратеничка група добро да се проучат, исцрпно да се разговара со позитивен и либерален пристап кон истите.

2. Посебно да се внимава кога се во прашање предлози, иницијативи и закони кои регулираат прашања од сферата на образованието, употребата на јазиците, медиумите и меѓуетничките односи.

3. Низ парламентарна расправа афирмативно да дејствуваме државните институции и државната администрација да бидат отворени за албанците и другите националности, затоа што тоа е една добра прилика истите да се демократизираат.

4. Сите ние како народни пратеници имаме најодговорен позив да го релаксираме политичкиот и социјалниот амбиент, при што ќе создаваме простор и можности утре да бидеме сведоци на една демократска развиена мултинационална и мултикултурна заедница т.е. Република Македонија.

5. За граѓаните кои непосредно се судираат со извршната власт и судската власт, најодговорни душебризници со право не сметаат нас пратениците како нивни избраници. Затоа, треба да ги ставаме на располагање сит механизми кои ја зајакнуваат перманентно контролата врз другите државни институции.

6. Господа пратеници, почитувани колеги, немојте да дозволи те да Ви причинува посебно задоволство кога ги надгласувате Вашите колеги албанци и да изгласате закони со 100 гласа за и 1 воздржан, затоа што

тоа е лоша ферментација за севкупните односи во нашата држава.

7. Пратеничката група на ПДП својот "камбек" - враќање го оправдува со убедуваше дека крајно време е во овој Парламент да проработи чувството за разбирање, затоа што ако се случи спротивното, ние нема да бидеме тука, тогаш веројатно ќе следува некоја друга политичка алтернатива, а тоа значи ако нашата пратеничка група отстапи , тоа ќе биде уште еден срушен параван пред најлошото.

И еден последен мој коментар:

Дами и господо, бајати се веќе општествата кои уште имаат свои политички затвореници.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, па еве, како што гледате, тука сме дел пратеници албанци. Тоа ќе има не само разни коментари, туку и одделни политички последици со примеси во расположението во јавноста, одделно на албанската популација, со различни оценки на постапката на едните и другите, со коментари кои се вообичаени во балканскиот амбиент, кои се правоверни, кои се помалку правоверни и т.н.

Оттука чувствувам потреба, и молам за Ваше увидување и трпение со неколку збора да се обратам пред се на Собранието, а и на пошироката јавност.

I/11.-

Фактот дека денес еден број пратеници албанци се во салата на Собранието, а други не се, се уште не значи дека сред нив постојат битни разлики во гледањата, настојувањата и барањата за прашања на остварувањето на граѓанската и национална рамноправност во државата. Напротив, сите ние имаме истоветно гледиште во смисла на мултикултурниот и мултинационалниот карактер на Македонија, за рамноправна и рамномерна употреба на јазиците, за образование на мајчин јазик во сите степени, за пропорционална застапеност во органите на власта, за децентрализација на власта, за пазарно стопанство, за стабилност и целовитост на Република Македонија. Ние како што гледате се разликуваме по пристапот и формата на истакнувањето на потребите и барањата по тоа која инстанца и кој собир го цениме како базичен за сериозен разговор и по тоа која внатрешна и надворешна реакција ја очекуваме од нашето апстинирање од седницата на Собранието.

Јас останувам при оценката , се надевам дека тоа го делат и другите пратеници присутни денес на седницата , дека нашите потреби, нашите оценки, нашите аргументи за потребите и барањата имаат најголем ефект ако се изнесуваат тука во Парламентот. Тука е присутна сета мериторна власт на нашата држава , тука е присутна сета јавност на Република Македонија, работата на Парламентот ја следат сите меѓународни инстанци присутни во република Македонија и тука нашите барања и потреби добиваат карактер на официјалност, се регистрираат и остануваат присутни и тогаш кога не се прифаќаат. Според тоа, нашите барања изнесени во Парламентот остануваат составен дел на елаборатот за градењето на политичкиот систем и дури независно од тоа кога за тоа ќе се донесе конечна одлука. Тие барања со самото присуство вршат притисок во градењето на политичкиот и правниот систем во Републиката.

**ХИСЕН РАМАДНИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Сакам да подвлечам и тоа дека и присатните и отсатните пратеници се излагаат на одреден ризик. Ние присатните се излагаме на ризик да ја наведнуваме парламентарната трибина и активноста во Собранието и поголем дел од Собранието и Владата не покажаа доволен слух и интерес за тоа дека работите и односите мора да се унапредуваат, а не назадуваат и дека минимум за тоа е правно политичкото надминување на уназадувањата што следеа во осумдесеттите години па наваму.

Заеднички интерес е да се реафирмираат вредностите кои дотогаш беа достигнати и истите да се операционализираат во нови односи. Ризикуваме и со тоа што еден дел на јавноста среде албанците во Македонија нема да не разбере и нема да ги уважи нашите аргументи со оглед на тоа што во неколку изминати случаеви не бевме, во доволна мера, уважени и разбрани. Нам, по моја оценка, тоа ни е сатисфакција што си го задржуваме правото по прашањата, за кои ќе oцениме, дека се повредуваат нашите интереси по дебатата не само да гласаме против, туку ако оцениме и да отсуствуваме од седницата со што се дава на знаење дека таквите норми за нас остануваат неприфатливи и го задржуваме правото да бараме нивна измена.

Друга сатисфакција е во тоа што ние, заради некои нерешени мада битни проблеми, не одбиваме да учествуваме во градењето на политичкиот, економскиот, културниот и социјалниот систем на Републиката во градењето на нејзините меѓународни односи. Само така се докажуваме дека ние оваа држава ја сметаме и доживуваме како своја, дека сакаме право, но примаме и обврски и носиме одговорност за нејзината судбина.

Пратениците кои не се присутни ризикуваат со тоа што одбегнувајќи го Собранието сакале тоа или не ќе биде протолкувано во

земјата и странство како менување на политиката на дел на албанскиот политички субјект во Македонија. Ризикуваат и во тоа што народот го водат да биде во илузии дека секое барање значи и автоматски безусловно веднаш остварувано дури и независно од историскиот контекст и политичките услови, културниот амбиент и другите околности во кои новите односи се градат и остваруваат. За сите нас во Македонија битно е да градиме политичка волја со која ќе докажеме дека сме подготвени да обезбедиме за сите под еднакви услови во сите сфери на животот во согласност со историските, културните и националното битие на секого, притоа мора да се знае дека рамноправноста меѓу другото е и културен чин во кој во рамноправен натпревар се сите поединци и групи во сферата на творењето и продуктивноста, во сферата на културата и културното создавање и научно творење, со што ја докажуваат својата способност и подготвеност за начинот на остварување на рамноправноста и за ангажирање на добро бит на сите. Убеден сум дека овие погледи ги делат и господата кои денеска не се тука присутни и очекувам дека наскоро ќе ни се приклучат. Од друга страна исто така како и колегата Исмет очекувам дека политичката волја на најголемиот дел на пратеници од овој Парламент ќе покаже поголемо разбирање во идните расправи за некои актуелни и чувствителни прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за да продолжиме понатаму морам да истакнам неколку работи, бидејќи станува збор за работата на Собранието, за редот, за процедурата. Сакам да ви кажам дами и господа и да ве потсетам дека е ова плуралистичко Собрание, Собрание во кое се избрани кандидати на различни повеќе партии. На тие избори партиите учествуваа со свои програми. Кандидатите за пратеници потпишуваат изјава дека пристануваат да бидат кандидирани и да бидат избрани. На секој

пратеник му е должност својата работа овде да ја одвива во рамките на Уставот и законите. Законите кои не се добри треба по уставен пат да се менуваат и Уставот ако некаде не е добар по уставен пат да може да се менува. Во тие рамки Парламентот е еднаква обврска за сите избрани пратеници и единствено можно средство е да се каже и да се изрази незадоволството низ дискусија, учество во расправата и гласање. Се друго може во наши услови да претставува обид за поместување на работите надвор од уставните рамки. Затоа ги повикувам сите пратеници присутни овде и оние кои се избрани, токму заради тоа што прифатиле да бидат кандидирани врз основа на Уставот и законите кои важат кај нас да си ја вршат својата задача, да учествуваат во работата, а никој не може и не сака и не треба да влијае на нивното политичко определување или определување при донесувањето на одлуките. Инаку, другото би значело, не дај боже, доведување во прашање на компетентноста на Парламентот, држење резервни прашања на страна по кои закони не би биле признавани по тоа итн. Затоа ве молам, се обраќам на сите пратеници, да си ја вршат својата должност која ја прифатиле потпишувајќи ја својата кандидатура.

Понатаму, пред да минеме на дневниот ред уште еднаш сакам да ве потсетам на тоа дека господинот Абдурахм Алити на 9 февруари 1995 година поднесе оставка на функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на господинот Абдурахман Алити му престанува функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија, со денот на поднесувањето на оставката.

Инаку, во меѓувреме се обратив до пратеничката група на ПДП, ја известив дека врз основа на фактот што господинот Абдурахман Алити поднесе оставка пратеничката група треба да истакне друг кандидат или

истиот сеедно да даде кандидат за потпретседател на Собранието. До сега не сум добил таков предлог.

Минуваме на дневниот ред.

Преминуваме на **<u>првата точка</u>** од дневниот ред - <u>Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.</u>

Извештајот на Републичката (Државна) изборна комисија, како и извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Кој е за извештајот и предлогот, молам да крене рака. (86 пратеници).

Дали некој гласа против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Бранирод Михаиловски.

На пратеникот Бранирот Михаиловски му посакувам успешна работа во Собранието на Република Македонија.

(Пратеникот Бранирод Михаиловски се заблагодарува од место)ч

(Изборот беше пропратен со аплауз).

II/5.-

Преминуваме на **<u>втората точка</u>** - <u>Предлог на закон за изменување на Законот за акцизите.</u>

Предлогот на законот и извештаите на работните тела ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин претседателе, драги колеги овој закон е веќе во функција затоа што цените на дериватите се изменети, останува само едно прашање, а тоа внесува забуна кај сите нас бидејќи во моментот на донесувањето на зголемувањето на акцизите и со тоа и на цените на дериватите беше речено дека целиот износ по овој основ од некаде 800 милиони денари ќе бидат наменети на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Сега гледаме дека само 10% од овие средства ќе бидат наменети за овој фонд. Прашањето е зошто дојде до ваква измена, затоа што ние сите како граѓани на оваа држава, а особено како парламентарци го прифативме тоа образложение и практично сметавме дека конечно еден огромен проблем во тој Фонд за кој следуваат огромен број писмени амандмани кои се поврзани со други точки од дневниот ред, практично укажуваат на тоа дека проблемот на овој фонд не го разрешуваме. Останува нејасно беше речено дека целиот износ ќе биде наменет на овој фонд, а сега практично имаме друга состојба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (84 пратеници).

Дали е некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за акцизите.

Преминуваме на **третата точка** - Предлог за донесување на закон за санација и реконструкција на дел од банкарскиот систем во Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии господинот Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа. И овој закон е еден од законите кој спаѓа во корпусот на закони кои ви ги најавивме на претходната седница дека ќе треба релативно брзо да бидат донесени.

Итноста на овој закон и барањето да биде донесен по итна постапка, тоа значи денеска да се разгледа употребата и практично да се донесе законот, е диктирана од нашата потреба брзо да се почне со промени во банкарскиот систем, веднаш да се почне со реконструкција и линеарна санација на банките во Македонија и со реконструкција на

најголемата банка, меѓутоа, исто така е диктиран и од преземените обврски со овие промени практично скоро да е завршен еден дел од овие промени до 15 март.

Имено, само да ве потсетам како услов за првата транша од Светската банка од кредитот на Светската банка,т.е. од Меѓународната агенција за развој која е афилијација на Светската банка еден од главните услови покрај оној што ќе биде на дневен ред подоцна поминуваше во прва фаза на законот за трговските друштва е и реконструкција на Стопанската банка, добивање на покана од Парискиот клуб за преговори околу регулирањето на долгот на Република Македонија кон оваа институција и линеарна санација на дел од банките.

Владата долго време размислуваше со која правна техника да настапи пред Собранието. Една можност беше да ви понудиме промени во неколку закони, меѓутоа, ќе дојдевме во опасност закони кои се предвидени да се применуваат да речам условно во нормално време да ги прилагодуваме за состојба на брзи и еднократни реформи. Со тоа ќе направевме двојна работа еднаш ќе требаше да ги измениме законите да ја спроведеме реформата, а потоа ќе требаше повторно да ги менуваме, да ги прилагодиме на нормално време, односно нормални стопански услови, тоа е нормалното време. Оттука, Владата застана на становиште дека е најрационално да се понуди на Собранието прифаќање на еден закон во кој сите еднократни реформи ќе бидат регули рани врз база на овластувањата што Владата ќе ги добие на овој закон да се направат тие реформи и по извршувањето на тие реформи да се продолжи со примената на системските закони онака како што е предвидено.

Сега, во овој закон имате практично неколку дела. Еден дел е преземање на наши долгови кон странство и кон некои домашни

побарувачи или некои домашни побарувања преземање на тие долгови од страна на државата. Во Владата постоеше дилема дали треба тоа да го предвидиме вон закон. Имаме една одредба со која Републиката може да се задолжува со закон, ова сигурно не е ново задолжување, ова е сигурно некое претходно задолжување и за кое очигледно постоеше некаква обврска од оваа Република, а освен тоа постоеше и притисок на Републиката да се изјасни дали е подготвена да ги прифати европските и светските принципи во сигурноста на вложувањето на нејзината територија.

Оттука сметавме за да избегнеме секакви шпекулации дали можеби не е добро или е добро сепак да одиме по оној најконзервативен ред и сепак од Собранието да побараме позитивно мислење да влеземе во преговори во регулирање на овој долг. Тоа значи не е класично ново задолжување, меѓутоа, сметавме дека ќе направиме сериозна повреда ако ова не го презентираме пред пратениците кои единствено се овластени во врска со вакво нешто и да одлучуваат.

Она што би сакал да го нагласам при вашето одлучување е следното: во рамките на преземањето на овие долгови не се презема ниту еден долг кој не е потрошен на територијата на Република Македонија. Тоа значи она што веќе е потрошено кај нас, а е земен како заем од меѓународните финансиски институции од владите на поедини земји, фактички сега се овластуваме да го исчистиме од банките и да го пренесеме како обврска на државата, а на државата би и дале евентуално со усвојување на овој закон овластување да преговара на кој начин и во какви рокови да го отплати. Тоа е едниот дел.

Вториот дел е остварување на еден веќе донесен закон. Вие сите се сеќавате дека Републиката имаше еден закон за преземање на замрзнатите девизни штедни влогови. Тој закон имаше една цел. Беше

донесен во услови кога Републиката немаше средства да ги сервисира овие влогови, Републиката се уште нема средства да ги сервисира овие долгови. Меѓутоа, законот беше предложен за да се искаже гаранцијата од страна на Републиката кон граѓаните дека тие долгови нема да се изгубат. Сега во поглед на таа гаранција ништо не се менува, меѓутоа, се овозможува тој долг да се прокнижи практично на салдото на Републиката да биде генерално сервисиран од Агенцијата, меѓутоа, за него останува да се грижат, пред се, банките кај кои штедењето е вршено и вие гледате во овој текст дека е точно наведено за кои заштеди која банка ќе се грижи, појдено е по принцип сите оние банки кај кои е вршено штедењето кај нив технички да се сервисира иако зад тоа сервисирање ќе стои договор со Агенцијата и со Владата на Република Македонија.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ**: (продолжение)

Ама за поединечниот штедач, практички, ништо нема да се измени во поглед на тоа каде треба да оди и со кои документи се останува, истата техника, со тоа што односите меѓу банката, агенцијата и Владата ќе се регулираат на еден специфичен начин.

Сега, банките, практички, ќе се очистат во своите биланси од овој долг, кое што кај нив неоправдано остана и понатаму да се бележи.

Трет сегмент во законот кој што е пред вас е преструктуирање на Стопанската банка. И ова прашањето донекаде предизвикува да кажам, дискусии. Едно доста широко распространето мислење е некаде и страв околу тоа што ќе стане со Стопанска банка, дали се сигурно динарските заштеди, дали се сигурни девизните заштеди, видете, целата оваа промена ја правиме фактички за да не се случуваат било какви шокови на банкарскиот пазар на Републиката и за да не се вознемируваат штедачите. Оттука, нивните заштеди се сигурни, а трансформацијата на Стопанска банка ќе се изврши на еден контролиран начин без да се случи некоја трагична случка повторо да се изгуби некој дел од заштедите, напротив, целата операција треба да резултира со преструктуирање на банките и со зголемена доверба на штедачите во банкарскиот систем на Македонија.

Ние веќе во Комисиите доста долго дискутиравме за овој закон и се надеваме дека успеавме релативно јасно да ги предложиме мотивите на Владата да ви предложи токму ваков текст, зашто текстот е токму таков каков што изгледа.

III/2.-

Со надеж дека ќе го усвоите овој текст, Ви благодарам што ме ислушавте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор. Господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова беше долго најавуван потег кој што мораше еднаш да дојде на дневен ред, меѓутоа, и на Комисиите, а особено во дискусии провејуваат неколку работи кои што мораме да ги избистриме. Основно што провејува е следното дека никој ништо не работеле во државава, во стопанството, само банките работеле и сега практично треба ние банките да ги очистиме од сите тие дубиози, сомнителни побарувања, класифицирани во категории А, Б, В и натаму и дека сето тоа очистено на тој начин треба утре да го сервираме некој да стопанисува со тоа. Мислам дека таа енигма треба да биде избистрана, затоа што тие пласмани дали резултати што ги гледаме сите околу нас и мислам дека во сето ова недостасуваат два чинители.

Едниот чинител е која жртва, или кој сопствен придонес ќе го дадат банките, особено стопанска банка, затоа што никаде не се спомнува, потенцијалот, капиталот во недвижности, деловен простор што го поседуваат овие институции, никаде не се спомнува. Никаде не се спомнува стандардот на вработените на овие институции, што секогаш отскокнувал и денес отскокнува, за да имаме морално право, пред граѓаните, пред нашите бирачи и пред сите комитентни на овие банки да кажеме дека мора ова да се стори, рекспетабилно од она што го изнесе министерот и што беше изнесено. Сметам дека ќе беше еден добар придонес за да нас ни се оправда нашето изгласување денеска на овој закон.

Втора, многу битна работа, особено каде што е санацијата на Стопанска банка никаде не се спомнува дали има надеж и што се чини за побарувањата кои што оваа држава ги има од странство од Југославија, а уште повеќе Либија, Ангола, Русија, особено побарувањата од Ирак. Останаа таму големи пари, кои што практично со сета своја негативна тежина преку претпријатијата, преку стопанството, само се пренесува и се трансмисионираат во овие банки. Сметам дека целосна слика и целосен преглед на она што може да очекуваме понатаму ќе имавме ако и овој многу важен сегмент беше приклучен кон ова што е тука прикажано.

Инаку, поаѓајќи од тоа дека на вакви закони, навредат м,ногу амандмани, бидејќи е по итна постапка, бидејќи е системски закон, бидејќи сме врзани со меѓународните институции, предлагам воопшто да не постои категоризација на пласмани од А до Г, туку заради исклучување на сите ризици кога веќе сето тоа го внесуваме во Буџетот, нека биде се внесено со сите ризици што можат од тоа да произлезат.

Само уште една напомена ние банките ќе ги санираме, ќе ги префрлиме на буџетот, дали не се крие опасноста повторно сето тоа како бумеранг, практично да се пренесе на оние кои што го создаваат доходот, а тоа е стопанството. Затоа што стопанството го алиментира и го обезбедува буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Симеон Наумовски.

**СИМЕОН НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, мојава дискусија всушност ќе биде детално образложение на прашање поврзано со овој закон, кое сакам да го поставам до господинот министер Миљовски,

поврзано со еден потег, кој деновиве го направи Стопанска банка АД Скопје во однос на нејзините филијали, кој потег претпоставувам е со голема доза на убедување дека е против законит, спротивен на статутот на банката и е изработен без никакви оправдани однапред дефинирани и усогласени мерила меѓу централата и нејзините филијали. Проблемот е во следното, почнувајќи од 1950 година од кога и се интегрираа деветте основни банки во една единствена банка, па наваму за секоја година посебно, филијалите во составот на Стопанска банка АД Скопје по завршна сметка редовно издвојуваат средства на филијалите и средства за зголемување на основачкиот фонд за мајката. Овие фондови, три вкупно, резервациите, и основачкиот капитал всушност го сочинуваат скоро целиот износ на вкупниот капитал на филијалите, бидејќи дополнителниот капитал на банката или филијалата отприлика има ориентациона вредност од 10%. висината на основачкиот капитал во филијалите кога ќе се книжи на сметката 903 во основа скоро секаде, со мали исклучоци, е поголем од износот на збирот од резервите и резервациите и тој основачки капитал е и оној акционеркси капитал вложен или кој му припаѓа на претпријатијата од општината, комитенти на филијалата од Стопанска банка.

Со одлуки на управните одбори на Централата и филијалите за годините 1990, 1991, 1992 и 1993 година беа прифатени износите по завршни сметки за резервите и резервациите и основачкиот односно акционерскиот капитал, истите беа прокнижени и на износот на акционерскиот капитал беа писмено известени и акционерите, кои од своја страна во своите книговодства ги имаат извршено книжењата по години и го имаат платено данокот на добивка, кој произлегува од нив.

III/5.-

Во средината на минатиот месец по писмен налог на Централата на Стопанска банка е барано од филијалите, од нејзиниот состав до 20 февруари о.г. да ги достават биланс со годишна пресметка, се разбира, вклучувајќи ја и распределбата, што е и сторено од нивна страна навреме од сите врз база на што се извршени книжења во централата и на база на тие книжења на 1.03.о.г. известени се повратно сите филијали преку службата АОП за реалната состојба на оснивачкиот капитал, резервите и резервациите и за минатата 1994 година.

Воедно известени се во исто време и за вкупната збирна состојба за сите изминати пет години за овие износи.

Согласно статутот на банката основачкиот капитал и резервите се водат во филијалите на банката. Меѓутоа, само шест дена подоцна на 6.03.о.г. од страна на Централата на Стопанска банка АД Скопје, се доставува до сите филијали сосема нов, изменет бруто салдо биланс, со кој на филијалите им се одземаат различни делови од оснивачкито акционерски капитал резервите и резервациите и тоа не на сите, само на дел од филијали, кои износи потоа без некои изградено и усвоено меѓусебно мерило се префрлаат, додаваат на други филијали од банката а најголемиот дел се пренесува на централата.

Паралелно со тоа и се наложува на филијалите дел од кој што им се одзема воедно во паричен износ и да го вратат на централата, што значи филијалите и кредитно се задолжуваат.

Апсурдот да биде поголем со ваквиот потег на централата на некои акционери на филијалите им се одзема само дел од акционерскиот капитал без некој ред и мерило, а другиот му се остава да стои во филијалата, а притоа да не биде консултиран или добие согласност од една од овие преземени активности.

III/6.-

Да наведам два примери, практични примери, што значи ваквиот потег на Стопанска банка, централа Скопје. По податоците кои ги имав на располагање поизлетуваа дека со овој потег на стопанска банка главна филијала Битола, му се одземаат околу 18 милиони марки од капиталот, а на стопанска банка главна филијала Прилеп околу 15 милиони марки од капиталот. Сета оваа игра се чини спротивна на статутот на банката, значи незаконито со што уште предвреме, пред усвојувањето на законов се чинат припреми да се спречи можноста некои филијали навреме да конкурираат за одвојуваше во самостојна банка по условите кои ги дава и ги бара овој предлог на закон, а на некои филијали предвреме им се создаваат нереални и незаконити услови да можат да ги исполнат условите кои ги бара предложениот закон за да конкурираат за самостојни банки. За жал, во прање е недобра и некоректна игра.

На крајот го прашувам господинот министер Миљовски да ни одговори што ќе се преземе или намерава да преземе во врка со оваа незаконита постапка сторена од централата во однос на дел филијали во нејзиниот состав, за да се задржат стекнатите состојби со основачкиот акционерски капитал во филијалите, резервите и резервациите во филијалите книжени со состојба 1.03.о.г. за сите пет изминати години, а воедно и да се спречи револтот на акционерите кои намеравааат овие времено земени права од централата да ги повратат по судски пат.

По ова исто прашање, укажувам дека пет пратеници од Либералната партија на членот 22 од Законот, на ставот 2, алинеја 1, имаме поднесено и конкретен амандман.

III/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господин Душко Николовски.

**ДУШКО НИКОЛОВСКИ:**

Дами и господа и почитуван пратеници, изградбата на стабилен банкарски систем, регулирањето на долговите спрема странство и создавањето на функционална сопственичка структура на банките во Република Македонија се основните начела врз кој е заснован Законот за санација и реконструкција на Банкарскиот систем во Македонија и оние како такви начела се прифатливи по нашата оценка поддржани.

Заради потреба од преземање на итни активности за санација и реконструкција на банкарскиот систем односно само на дел од него, како и временскиот фактор заради остварување на договорените активности, за добивање на кредит од светската банка за преструктуирање на банкарскиот систем во Република Македонија што и беше кажано во воведното излагање на министерот Миљовски, може да констатираме дека има потреба од донесување на закон со предметниот назив што е понуден на денешната седница.

Во прилог на ова сакам да потсетам, а воедно да потенцирам дека без преземање на радикални чекори на промени во однос на банкарскиот систем, што е и мислење на социјалдемократскиот сојуз на Македонија е неможно да се очекува изградба на еден современ и коегзистентен стопански систем заснован пред се на принципите на пазарната економија. Што значи поставеноста и функционирањето на банкарскиот систем е битен фактор за функционирањето на Стопанскиот систем ви целина. Заради тоа може и да се каже дека само здрави и чисти банки можат да го следат спроведувањето на вкупните реформи во државата.

III/8.-

Реформскиот пристап односно степенот на промените на банкарскиот систем во понудениот текст, го гледам пред се, во следното:

1. Отстранување на замрзнатите штедни влогови од билансите на банките.

2. Отстранување на побарувањата и обврските по корисници односно по корисници на странските кредити.

3. Отстранување и преземање на ненаплатените денарски пламани од билансот на банката, пред се, од стопанска банка

АД Скопје.

4. Реконструирање и приватизираше на дел од банкарскиот систем, пред се, на Стопанска банка АД Скопје.

5. Запазување на принципот на банкарско работење, а посебно за почитување на принципот на ликвидност.

6. Во предусловите што се создаваат услови за благовремено сервисирање на стопанството и граѓанинот. Од ваквиот пристап на промени можат да произлезат низа на прашања, како на пример каков и во колкава мерка ќе биде одразот на линеарната санација на банките врз буџетот на Република Македонија, или, како народна банка ќе ги заштити добрите акционери во банките низ процесот на санација и реконструкција. Или, дали е поцелисходно организационото а не функционалното преструктуирање, односно раситнување на банкарскиот систем. На ваквите и слични прашања на нив со решенијата на Законот, кои се содржани во законот, односно предложени во законот од страна на Владата се обезбедени и соодветни одговори.

IV/1 CJ/ПН

**ДУШАН НИКОЛОВ:** (Продолжение)

Потенцирајќи некои од особеностите за што во овој случај може да се каже и се производ на законот, можеме да извлечеме две основни констатации, и тоа:

1. Депонираните девизни депозити на граѓаните и обврските по користените странски кредити се обврска на државата бидејќи таа е и гарант на истите.

2. Лошите девизни пласмани на банкарскиот систем односно на дел од него со предложените решенија ги презема Агенцијата за санација на банките која и ќе врши наплата.

Во прилог на сето ова сакам да нагласам уште неколку елементи, и тоа:

1. Маневарскиот простор за донесуваше на предметниот закон кој е на расправа е многу мал, вклучувајќи го при тоа

и факторот време како вредносна категорија.

2. Реформата на банкарскиот систем е неминовност, па макар тоа да се работи за дел од него или пак сето тоа да ги надминува рамките дури на стандардното законодавство.

3. Одредбите со кои се уредуваат управувачките права 51% се гарант за спроведување на реформата на банкарскиот систем, а не граничен фактор за реализација на законот.

На крајот лично моето мислење како заклучок и на СДСМ е, да концептираниот закон во дадените услови е најприфатливиот модел за санација и реконструкција на дел од банкарскиот систем во РМ.

Благодарам на вниманието.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас тука бев замолен од г-динот Симеон Наумовски да искажам мислење што мисли Владата да преземе во врска со овие активности. Видете вака, ние чувме дека нешто се случува, меѓутоа без да се согледаат детално документите не може да се рече дали е тоа добро или лошо, дали е во ред или не е во ред. Среќата кај сите овие трансформации е следното е што се што станало и се што станува и се што ќе стане фактички останува со сериозен траг во документите и актите.

Донесувајќи го овој закон и давајќи на Владата 51% во управниот одбор фактички се овозможува да се преиспитаат ваквите случаи и да се види дали тие имаат основа, да речам, во меѓународните банкарски стандарди или не. Освен тоа, ако го погледнете законот, ќе видите дека и Гувернерот на Народната банка, тоа е веќе нешто преземено и од постоечкиот систем, меѓутоа со овој закон има додатни зајакнати ингеренции, има ингеренција да изврши контрола или да поништи одредени акти. Во тоа содејство веројатно се што ќе биде направено спротивно на прописите и спротивно на банкарските узанси нема да биде прифатено, напротив нашата улога не ја гледаме во смисол на управувањето на банките туку со наметнување на две работи.

1. Да се овозможи реформа и

2. Таа реформа да биде направена врз база на прифатени стандарди во светот.

Секаде онаму каде што постои сомневање дека е тоа така направено, мислам доказ дека е така тоа направено, наша заложба ќе биде да ја повратиме.

Во врска со ова има еден амандман за кој што после ќе говорам, меѓутоа еве сега бидејќи говорам....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не немој сега по амандманот, потоа за него.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Само генерално се обидува да се најде решение на ова. Видете што е. Ние ќе се обидеме преку активното делување секаде каде што можеме во случај на спор да не навлегуваме индивидуално заземајќи страна, туку ќе викнеме меѓународни институции ако е тоа можно, се разбира, и ако тоа не е прескапо аз еден релативен краток рок да ни дадат брз и точен одговор на поставениот проблем, без тука да влегуваме во бескрајни расправи за тоа што е право и што не е право. Од тука дури да ја донесеме една одлука таа секогаш ќе подлежи на една проверка од меѓународните институции. Ми се чини сега брзо од панично реагираше нема потреба, затоа што фактички и ништо трагично нема да се случи.

Јасна е интенцијата и на Владата дека оние банки кои што ги исполнуваат условите да се формираат како слободни банки нема да ги спречуваме, напротив, сметаме дека тоа е во ред ако имаат таква желба, а се разбира делењето си е предмет на преглед на експерти а по нашите домашни не се доволни ќе бидат поканети и странски. Толку можам да ви кажам.

**ЉУПЧЕ МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Би сакал малку со неколку зборови да се осврнам само на членот 14 од предложениот

закон во кој стојат обврските на РМ по клучот 5,4% од долгот што го има направено поранешна СФРЈ по клуч на договор со ММФ припаѓа како обврска на РМ. Често пати беа присутни и недоразбирања можеби изречени од поединци дека овде се работи за пари кои што крајни корисници се претпријатија во РМ. Мислам дека и во законот јасно стои дека се работи за неалоциран долг кој што недефиниран точно односно се работи за еден клуч во кои РМ за добивање на тие кредити е должна да преземе и дел од таквиот кредит. Значи, не се работи барем јас претпоставувам за крајни корисници претпријатија туку добар дел до тие пари претпоставувам беа и за модернизација на Армијата кои што фактички беа користени од органи на управата, од сојузни органи на управата, според тоа мислам дека тука треба да ја расчистиме таа дилема дека не се работи за пари што крајни корисници се претпријатијата туку се работи само за еден долг кој што припаѓа по клуч на договор со ММФ како обврска на РМ.

Би сакал исто така да кажам ние како пратеничка група на Либералната партија свесни сме дека овој закон треба и мора да биде донесен, пред се заради тоа што, за базирањето на стопанскиот систем врз пазарни законитости не е можно без санација и реконструкција на банкарскиот систем, меѓутоа предлагаме одредени амандмани кои значат едно дополнување на овој закон и појаснување на некои негови одредби.

Благодарам.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, иако ги уважуваме потребите од донесување на тој законски проект за

санација на банкарскиот систем да го направиме реформа на системот и добро стопанство, сигурно дека има потреба од донесување на таков закон. Единствено што сакам да нагласам дека потпишувањето на такви закони не треба да биде инструмент само за остварување на даден интерес, туку треба да биде општи правни правила кои треба да регулираат неодреден број на случаи со исти битни обележја. Тоа значи дека треба во тие закони да има објективни критериуми кои треба да ја регулираат материјата во позитивната насока која сака законот да ја уреди. Па од тука, и неслучајно ги слушнавме од пратеникот Симеон забелешките дека кога во законот се споменува по име и презиме некој стопански субјект, тој нормално реагира, сака да го избегне самиот законски проект и се во постапката до донесување на законот некој ако направи некоја статусна промена од тие стопански субјекти кои се нагласени со своите атрибути во самиот закон, тогаш законот ќе стане неприменлив.

Од тука, во завршните одредби требаше Владата да стави некој член со кој ќе го заштити самиот закон од примената за да не дојде до изигрување на самите стопански субјекти.

Сакам посебно да нагласам дека има и некои контрадикторности во членовите на самите одредби каде што Владата и се дава 51% од акциите за да може да донесува одлуки и управува со банките, а во подоцниот член каде кажува дека Владата со одлука може да го врати управувањето на Управниот одбор, што мислам дека едно право дадено на управен одбор со закон не може со одлука на Влада да биде ниту одземено ниту вратено.

Трета работа е што сакам да истакнам дека Гувернерот на НБ има исти овластувања со Управниот одбор, управувањето по  член 108, 7-а

од Законот за претпријатијата, значи пропојување, дезинтеграции, интегрирање на стопанскиот субјект, а тоа право во исто време со 51% Владата со своите членови ги има, а сега во подоцниот член му се дава на Гувернерот на НБ да се става над одлуките на членовите на Владата кои треба да одлучуваат за управувањето на банката, а во управувањето на таа банка значи и статусна промена на стопанскиот субјект.

И на крајот сакам да нагласам во казнените одредби во членот 38 непридржувањето на банките кон одредбите на овој закон претставува работење на банките, спротивно на мерките нас монетарно - кредитната политика која повлекува преземање мерки согласно на усвоените прописи. Такви одредби во казнените одредби не треба да стојат, тоа е обична декларација и упатува на друг закон што само ја руши законитоста и законот го прави произволен и неприменлив во дадените случаеви. Од тука барам овој член 38 да биде избришан.

На крај сакам да кажам дека во иднина во донесувањето на законите во РМ, тие не треба да претставуваат инструмент за остварување само на даден интерес, туку како општо правно правило кое треба да регулира одреден број на случаеви со исти битни обележја.

Благодарам.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас во потполност ја разбирам загриженоста на пратеникот Гошев околу правната чистота во ваквата постапка. Меѓутоа, видете што се случува, со што се судруваме. Едно е, да ја чуваме чистотата на

правната постапка, да дефинираме закони за неодреден број случаи и за неодредено време, или пак понекогаш да мораме да дефинираме закон за одреден случај за одредено време. Што би било ако прифатиме дека не смее да донесеме закон аз одреден проблем, за одредено време. Владата, Парламентот, Извршната власт ќе си ја отсече можноста активно да се вклучува во стопанството. Строго држење до тој принцип кој што е добар кога е на генерално ниво, меѓутоа ако не дозволиме никаков исклучок од тој принцип, практично ќе значи ниту Парламентот како законодавна власт, ниту Владата како извршна власт да не можат да преземат постапки на реформи, менувања, сериозни трансформации.

Она што г-динот пратеник го кажа е точно, меѓутоа повторно нагласувам на време во кој што економскиот систем е стабилизиран, за време во кое што сите работи кои се одвиваат во стопанството се во рамките на некаква нормала и нив ги доведуваме во колотечина. Меѓутоа, господа, сите сме доволно и политички образовани за да видиме каква промена во стопанството и во државата се врши. Ова е преминување од еден општествено политички систем во друг. Таа реформа верувајте не може да се изврши без донесување и на закони кои што ќе бидат и со кратко време и со набележан субјект. Класичните постапки повторно нагласувам претпоставуваат стабилни односи.

Да ве потсетам на уште една работа, во Македонија, Македонија веројатно покрај Словенија ќе биде можеби единствените земји од поранешна Источна Европа кој што успееја да ја извршат трансформацијата не со револуционерно бришење на целокупниот законодавен систем, туку со многу строго постапно реформирање врз

база на постоечките закони. Тоа до сега не го направи ни една земја. Погледнете ја Русија, практично го укина целото претходно законодавство, погледнете ја Чешка, погледнете ја Полска. Овде имаме единствен пример каде што врз база на постоечките закони се креира промената на системот. Таа не е едноставна. Некогаш ќе има нешто што на сите нас ќе ни ги пара ушите, ако за љубов на правната чистота си ја сечеме можноста да преземаме акции тоа би било трагично.

И уште нешто, еве генерално дефиниран правен принцип го издигнеме на ниво на непроменливост, на ниво да не смееме да се прашаме дали во овој случај е валидност, претвараме едно исклучиво умна, сериозна наука, правото, во својата спротивност да биде кочница на секаков развој. Ми се чини на никого намерата не е таква, со примената на правото да ги запреме реформите. Напротив, ние вршиме реформи, се надевам дека тука и правните стручњаци нема да наоѓаат да речам без потреба мали грешки со кои што овие реформи би ги запреле.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оваа двострана реторика за чистотата на правниот систем никако не значи дека овој закон правно не е чист, да се разбереме. Така да ние ќе си донесеме закон кој е правно чист, кој правниците иако му наоѓаат мана, пак да преживее, да се одбрани и да се спроведе. Инаку, џабе се толку фалби. Така да мислиме дека имаме работа со добар закон. Има потврдено од комисии и надлежни органи.

Дали уште некој бара збор?

Не.

Ако не бара никој збор, тогаш го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за санација и реконструирање на дел од банкарскиот систем во Република Македонија.

Кој е за молам да крене рака.

78 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање. (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен. Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака.

81 пратеник гласаа "за".

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање. (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Г-дин Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

почитувани членови на Владата,

Мојата дискусија по оваа точка ќе ја почнам со цитирање на член 30 од Уставот на Република Македонија, со цел да дадам свој допринос

околу разрешување на дел од прашањето кои се регулираат со овој предлог закон. Цитирам:

"Член 30. Се гарантира правото на сопственост и правото на наследуваше. Сопственоста;создава обврски и треба да послужи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон, во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира правилен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност".

Она што тука сакам да го изнесам е, прво, да го анализирам став 1 од овој член со кои всушност е гарантирано правото на сопственост и тоа е добро. На овој план како е познато е донесен закон со кој е земена обврска од страна на државата за гарантирање на девизните штедни влогови. Од друга страна ништо не е правено по однос на овозможуваше на располагање со сопственоста како што тоа го предвидува истиот член став 3. Зошто тоа го велам?

V/1.- ЈМ/ЉР

**ГАЗДМЕН АЈДАРАГА:** (продолжение)

Зошто го велам тоа? Го велам затоа што на граѓаните им е ограничена сопственоста што е противуставна категорија. Граѓаните кои ги имаат заробените девизи истите како што е веќе познато ги заработија како што вели народот оставајќи ги коските на работа во странство. не почитувајќи работно време, напочинувајќи празник, воглавно оддалечени од својот топол семеен дом. А за да биде парадоксот уште поголем на истите на крајот на годината им се наплатува од нивните штедни книшки данок на добивка, иако тие се ограничени да располагаат со своите заштеди. Со цел да бидат делумно до некаде ублажени тешките состојби сметам за потребно да предложам Владата да понуди решение за разрешување на неповолните состојби. Едно, од таквите решенија би било Владата да понуди решение преку кое би се извршило сервисирање на девизните штедни влогови и девизните сметки на граѓаните за период од 5 години и тоа за периодот 1996-2000-та година, а за тоа би се предвидело покритие во Буџетот на Републиката.

Ваквиот начин мислам дека е цеалисходен и ќе даде резултати. Непревземањето на конкретни акти сигурно дека ќе ги зголеми тензиите кај штедачите бидејќи во практиката се случуваат невидени парадокси, од богати луѓе создадени се питачи кои понекогаш се потпомогнати од бирократијата, па понекогаш страдаат за леб, а и за здравје. Такви примери има доста во мојата општина.

И уште нешто Собранието во поранешниот состав на неколку пати зборуваше за девизните штедни влогови. Баравте информации за тоа кој искористил, односно подигнал девизи од банка на незаконски начин, меѓутоа до такви информации не се дојде со образложение дека такви информации не можат да се дадат, заради тоа што тие претставуваат тајна. Меѓутоа, од она што е понудено во Предлог законот произлегува

дека навистина старото Собрание, пратениците од тој состав имале право да поставуваат такво прашаше, бидејќи не се врши преземање на обврските од страна на државата, па остануваат на банките. Нека му мислат банките за тоа како ќе одговараат за тие исплатени средства. Сигурно дека тука се умешани и луѓе кои што можеби имале свое влијание, меѓутоа е тоа нивни проблем, за тоа нека си мислат тие.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандманите на член 11 став 3; член 15 став 2; член 22 став 2,3 и 4; на Глава VI за замена на бројот 27 со бројот 26 и на член 39 став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 4,член 11 став 3; член 13 став 1; член 22 став 3 и на Глава VI за замена на бројот 27 со бројот 26, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман за бришење на член 38, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Марјан Начевски поднесе амандмани на член 4 став 2, член 14, член 16, член 17, член 25 став 1 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Симон Наумовски, Јаким Ивановски, Наум Симјановски, Љупчо Мешков, Петар Талимџиоски и Ристо Николовски поднесоа амандман на член 22 став 2 алинеја 1 по кои Владата не се произнела.

V/3.-

Пратениците Симон Наумовски, Наум Симјановски, Љупчо Мешков и Јаким Ивановски поднесоа амандман на насловот на Законот по кој Владата не се произнела.

Пратениците: Љупчо Мешков, Симон Наумовски, Наум Симјановски и Јаким Ивановски поднесоа амандман на член 2 5 за менување на став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на законот поднесен од пратениците: Симон Наумовски, Наум Симјановски, Љупчо Мешков и Јаким Ивановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Бидејќи во суштина е исто дали ќе се рече дел од банкарскиот систем, или дел од банките, може да се прифати овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по Амандманот на член 4 став 2 поднесен од пратеникот Марјан Начевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

И овој Амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 поднесен од пратеникот Марјан Начевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Во врска со амандман 2 на пратеникот Марјан Начевски за бришење на процентот 5,4, Владата не го прифаќа, бидејќи тоа ќе значи одложување на процесот и водење на нови преговори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 14 поднесен од пратеникот Марјан Начевски.

Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Марјан Начевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Марјан Нацевски.

V/5.-

Отворам претрес по Амандманот на член 17 поднесен од пратеникот Марјан Начевски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Владата амандманот не го прифаќа од причини што треба брзо да се реагира, а ако го прифати може да се оддолжи целиот процес.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.,

Кој е за,молам да крене рака? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 17 поднесен од пратеникот Марјан Начевски.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 2, алинеја 1 поднесен од пратениците: Симон Наумоски, Јаким Ивановски, Наум Симјановски, Љупчо Мешков,Петар Талимџиоски и Ристо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман. Смета дека можат проблемите кои што се настанати да се разрешат со одредбите што му се дадени на гувернерот и со 51% учество на Владата во Управниот одбор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара .збор? (никој)

Јас би ги запрашал поднесувачите на амандманот ако Владата тврди дека има инструмет тоа да се среди, дали треба да остане амандманот.

V/6.-

Дали вие останувате на амандманот? ( Да).

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (25 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 став 2 алинеја 1 поднесен од пратениците Симон Наумовски, Јаким Ивановски, Наум Симјановски, Љупчо Мешков, Петар Талимџиоски, и Ристо Николов.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1 поднесен од пратеникот Марјан Начески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Владата не го прифаќа тој амандман и предлага измена на членот, значи Владата предлага амандман кој би гласел: "во постапката на реконструирање на банката, а до конституирањето на управниот одбор на банката, гувернерот на Народната банка покрај мерките предвидени во постојните прописи може да и наложи на банката превземање и на следните мерки" и се набројуваат мерките.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам расправата по овој амандман ќе ја одложиме на крајот на Законот, а во меѓувреме да се откуца текстот, амандманот на Владата и да се подели на пратениците. Веднаш да уредите да се откуца текстот и да се подели. Амандманот мора да биде писмено поднесен, да има писмена форма и да има образложение. Значи ова го одлагаме.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 38 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Владата не го прифаќа тој амандман, а има свои допрецизирања на текстот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, пауза од 30 минути.

Владата да ги даде своите амандмани, да се поделат овде и да знаеме на што сме.

(Пауза од 30 минути).

(По паузата Собранието ја продолжи работата во 14,30 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Молам да се избори точниот број на присутни пратеници.

Вкупно се присутни 73 пратеника и Собранието може да продолжи да работи.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 25 за менување на став 1 и за менување на член 38. Тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Ве известувам дека амандманот на член 25 став 1 поднесен од пратеникот Марјан Начевски, по кој ја одложивме расправата, сега е беспредметен затоа што тој се однесуваше на еден друг текст, а сега е изменет тој текст на кој се однесуваше овој амандман па не можеме да расправаме.

Ве известувам дека амандманот за бришење на член 3 8 поднесен од ЗПК се однесуваше на друг текст. Сега е променет текстот со амандманот на Владата.

Дали претставникот на ЗПК го погледна амандманот на текстот и дали се однесува сега и на овој текст.

Значи не се останува на амандманот се повлекува амандманот.

И амандманот на член 25 за менување на став 1 поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Симон Наумовски и Јаќим Ивановски исто така се однесуваше на еден друг текст од Законот кој важеше пред донесување на поднесените амандмани од Владата. И тој текст и овој амандман сега се повлекува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

73 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за санација и реконструирање на дел од банкарскиот систем односно банките во Република Македонија.

Минуваме на **точката 4** - Предлог за донесување закон за трговските друштва.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Воведно излагање ќе поднесе д-р Јане Миљоски, министер за финансии.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, ми претставува особена чест денеска пред вас да говорам во дебата за донесување на закон за трговски друштва. Многумина од вас се свесни за тоа колку е важен овој закон за изградбата на новиот стопански систем, која што ја вршиме во оваа година. Се сеќавам многу добро на дискусии што се водеа по повод на донесувањето на законот за приватизација. Често можевме да слушнеме дека не може да се направи вистинска трансформација без да имаме нов, како што го велевме Закон за претпријатија. Еве сега имам задоволство да исполнам една своја обврска преземана во тие дебати

дека наскоро ќе поднесеме пред Собранието закон кој што ќе ја регулира оваа материја. Не беше толку наскоро, затоа што имаше еден предлог кој што се најде во претходното собрание и беше одложен за почетокот на ова, пред овој состав на Собранието, меѓутоа, сепак еве обврската ја исполнуваме.

И има една чудна паралела која што се поставува кога размислуваме за овој закон. Се појавува една паралела со Законот за здружениот труд на времето кога се донесуваше. Тогаш, многумина и политичари и теоретичари тврдеа дека новата организациона форма на производство мора да одговара на новите продукциони односи што се создаваат. Иако, тогаш бев голем противник на тоа да се измислуваат нови имиња на стари организации, противник сум и сега, меѓутоа, воедно тие теоретичари имаа право. Секој систем си има типична организациона форма на производството.

И особено се потсетувам на ова врзување на системот како таков со формата во која што се организирани единките, стопанските единки, токму сега кога го донесуваме Законот за трговските друштва. Меѓутоа, кога зборувам дека сум многу среќен и дека го сметам како епохално нов чекор во измена на системот, не мислам да кажам дека оваа промена почнува денеска. Не. Оваа промена, од она што го регулираше Законот на здружениот труд е почната некаде пред седум години. Пред седум години е донесен Законот за претпријатијата во поранешна Југославија. Со него почна укинувањето на Законот за здружениот труд како организационен израз на општеството кое што до тогаш се градеше. Со Законот за претпријатија во нашиот речник но и во нашиот живот беше вратен поимот претпријатие. Поим за кој што доста често, пред тоа, моравме да си го каснеме јазикот кога ќе го употребевме, да го избришиме едноставно од нашиот вокабулар затоа што одвреме навреме добивавме идеолошки даречам прекори ако го употребевме зборот претпријатие.

Основна забелешка на идеолошките и јазичните чистунци во тоа време беше дека во новото општество, тогаш во тоа општество немаме организација која како своја основна цел го има максимирањето на профитот, туку новата организација во тоа време, новата имаше сосе ма поинакви цели, па затоа не е примерно во таа организација да го употребуваме поимот претпријатие.

Со враќањето на поимот претпријатие во 1988 година почна на нашиот простор да се реафирмира и претставата дека стопанската активност фактички има за основен мотив максимизација на профитот. Ова е суштинска промена.

Денеска седум години по донесувањето на Законот за претпријатието ние го довршуваме процесот на изградувањето на системот на стопанството во кое што основен мотив беше максимизација на профитот и кој соодветствува на новите односи што се градат врз нова сопственичка структура, се пропишуваат основните регули за настанок, за живот, за унапредување, управување,спојување, раздвојување, разделување, како и престанок на таа основна организациона клетка на стопанството.

Во оваа прилика морам да кажам дека она што пред 7 години почна само како елементарен почеток, на едно ново време, сега практички добива своја полна зрелост и свое заокружување. Затоа што во тој закон пред седум години не беа радикално решени цела низа односи кои што би морале да се регулираат со еден таков закон, ниту беа дадени доволно решенија што би овозможиле безпречено одвивање на стопанските активности. Праксата во изминатите седум години ни дава време со низа примери за една речиси хаотична состојба која што се воспостави во оваа сфера. Причините беа многу страни, меѓутоа, фактички сите се сведуваа на едно, а тоа е поднормираност на целата оваа област. Тоа значи Законот за претпријатијата и ако го направи

главниот исчекор напред пред воведување на нова форма практично ја остави целата оваа област недоволно нормирана, подноррмирана.

Таа поднормираност на стариот закон за претпријатијата е повеќе од очигледна уште на прв поглед. Почнува веќе кај дефиницијата на типови на претпријатија, се протега се до потполна поднормираност на организацијата на донесување на одлуките во самото претпријатие, кое фактички е основно прашаше а кое што овој закон би требало да го регулира. Меѓутоа мора да се каже дека од една состојба кон која порано се тежнееше во нашето општество состојба на пренормираност, ние отидовме во состојба на поднормираност. Поднормираност имаше пред се односно оваа промена од состојба на пренормираност во поднормираност дејствуваше како шок. Од тој шок доста споро се опоравувавме.

Исто така недоволното нормираше на целата оваа област создаде доста стихијни односи во целата област на стопанското право, состојба која што се закануваше да ги подјаде корените на позитивнот однос на општеството кон пазарните реформи. Бидејќи таа недоволна нормираност почна да се јавува не само во врска со овој закон, туку и во врска со низа закони кои што ги следеа реформите кон крајот на 80~десеттите години, може да се каже дека дури се јави едно движење кое направи класичната замена на тезите дека реформата значи просто бришење на постоечките регулативи. И наместо да имаме избалансиран однос меѓу правото кое што го наметнува државата и она таканареченото автономно право во претпријатијата ние отидовме во таа крајност што се му препуштивме на автономното право, а од она што треба да произлезе како основно регулатива од државата се откажавме. Очигледен резултат за тоа се закони со мал број членови за една вака комплицирана област.

VI/6

Во таков систем најголем број односи останува да биде регулиран во праксата. А таквото решавање на односите во голем дел придонесува за чувство на несигурност кај граѓаните кои што не може да биде препознатливо право на однесување во кое што треба да се вклопи, туку гледа постојано менување на правилата на игра во кои се одвива стопанскиот живот.

Се навраќам на односот меѓу ова право кое произлегува од државната регулатива и автономното право во претпријатието и заради една многу прозаична причина. Многумина кои го погледнале овој закон веројатно се зачудени од неговиот обем. Она што претходно го кажав за односот на автономното и на државното право, фактички треба да служи на една многу прозаична цел. Таа треба да објасни зашто сега наместо еден многу краток закон имаме работа со еден долг и обемен закон. И на прашањето дали треба волкав закон, како што сега ви нудиме со 700 членови и дали тоа не е повторно паѓање во водите на поднормираност можам едноставно да одговорам не. Тоа не е пренормирано и нас ни треба толкав закон. Само за споредба, во многу вакви и слични закони на овој, во развиените земји морам да укажам и на тоа дека за развивање на концептот на овој закон нас ни служеше како урнек решенијата од францускиот и германскиот закон. Морам да кажам дека се тие пообемни и многу поголеми од ова што денеска пратениците го имаат на своите маси.

Веројатно обемноста на овие текстови произлегува од тоа што тие закони се создадени некаде 1970 година и до денеска постојано се додавани по некои нови членови. Ние одиме тука на еден неосвоен простор, така што цела низа посовремени решенија кои што се веќе вградени во тие закони директно ги преземаме, еден дел од односите се веќе регулирани во други закони и усвоивме во овој текст цела низа препораки на европската унија кои што се дадени во врска со регулирањето на оваа материја.

Јас не би сакал многу да должам со ова воведно излагање, затоа што основата што денеска треба да кажеме е во следното - дали ваков закон е потребен и дали основните правци што ни ги дава предлагачот се прифатливи за Собранието. Додека пак сите забелешки искажани на комисиите и што ќе бидат искажани евентуално и во понатамошната расправа ќе послужат и ан авторите на овој текст кои се од науката и на нас како влада која стои зад овој закон, тој текст и понатаму да се прочисти.

Меѓутоа, сакам да кажам нешто околу името зашто името многумина ги зачудува. Зборот закон за трговски друштва - создава одредени дилеми дали беше потребно да се земе ова име дали не требаше да се остане на старото име Закон за претпријатија.

Прво,ч за да се разликува едниот од другиот закон не е лошо да се има ново име и да се знае точно на кој закон се мисли, затоа што на поинаков начин е регулирана материјата. Меѓутоа, не само за да се разликуваат законите. Законот за претпријатија во тоа време се базираше на општествена сопственост, меѓутоа го афирмираше принципот на претприемчивост во услови на општествена сопственост на средствата  за производство. Овој закон за трговски друштва веќе поаѓа од претпоставката дека се работи за доминантна приватна сопственост во стопанството на оваа земја.

Второ, она што многу не мотивираше е една работа која што ние кои што се бавиме да речам кои! што имаме секојдневни контакти со странски делегации и стопански делегации се обидуваме законите да ги наречеме така што секој во светот би ги разбрал. И ако ми речат Закон за претпријатија тоа не би било многу јасно. Меѓутоа ако речеме Закон за трговски друштва секој во светот ќе разбере што мислиме. Еве на пример на англиски ова се вика Кампани лој - значи закон за компаниите.

Меѓутоа, компанија тоа значи друштво. Така што класичниот назив трговско друштво е на еден изведен или неизведен начин присутен во сите називи во светот. Она што на крајот ан своето излагање сакам да го кажам е следното.

Кај овој закон е остварена да речам една примерна соработка меѓу Владата и науката. Текстот е скоро, исклучиво дело на трудот на професори од Правниот факултет. Меѓутоа, сите владини органи, кои што се надлежни за ова, го прегледаа текстот, дадоа свои забелешки и во една, навистина многу плодна дискусија со авторите успеавме да дојдеме до текст зад кој што сега и ние како влада во потполност стоиме. Тоа пак не значи дека овде нема ништо што би можело да се поправи. Напротив,оваа дебата како што реков може да се случи само да придонесе за тоа текстот да се подобрува и ние ќе се обидеме во текот на дискусијата по овој закон да добиеме и други мислења, мислења на стручни здруженија, организации итн., каде што мислиме да организираме одредени дискусии.

Меѓутоа, се надеваме дека ова едноставно е добар почеток на крупна реформа во нашето општество.

На крајот само би сакал да ви кажам за потребата од донесувањето на овој закон овој закон веќе беше поднесен како што знаете во втората половина на минатата година во Собранието. Меѓутоа, Собранието во тогашниот состав не успеа да го стави на своја седница. Сега се соочуваме со датата 15март како краен рок во кој што овој закон би требало да го разгледаме во прва фаза.

Со оглед на тоа дека поголем број комисии утврдија дека Законот треба да оди во три фази, би сакал да ве потсетам само на уште една

потреба, а таа е овој закон во конечен текст треба да се усвои некаде пред крајот на оваа година, за да со тоа исполниме уште еден услов за добивање на втората транша на кредит од Светската банка.

VII/1 HH/OM

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Неоспорна е потребата од донесување на еден ваков закон кој ќе одговара на трансформација на нашата држава, бидејќи постојната законска регулатива не е компарабилна со пазарните услови на стопанисување односно сега важечката законска регулатива не предвидува организациона форма на стопански субјекти, која ќе одговара на условите на реформа на економската и правна сфера. Поради сета сериозност на оваа материја и значење на овој закон сметам дека неопходно е овој закон да оди во редовна процедура односно во сите три фази, што значи по утврдување на потребата од донесување на овој закон, која е неоспорна, треба да се оди во нацрт закон, а потоа во предлог на закон при што Владата би предложила и динамика на усвојување на овој закон по одделни фази.

Познато е дека во многу земји овие закони се донесуваат во 50 или 100 години еднаш со тоа што во некои важат и повеќе од 100 години со помали измени, без оглед дали овие односи се регулирани во ваков вид на закони односно закони за трговски друштва, или пак во трговски закони во смисла на дејноста пред се. сето ова, исто така укажува од нужноста од донесување на овој закон во една редовна постапка со цел да се даде еден потемелен пристап на регулирање на овие односи.

Почитувани пратеници евидентно е дека при изготвуањето на текстот на овој закон се користени искуствата од повеќе земји со подолга традиција на вакви закони, како и искуствата на некои земји со поранешен систем на социјалистичко уредување, кои веќе го донеле ваквиот закон. Мора да се констатира дека сепак овој закон е преобемен

и обременет непотребно со многу одредби . Точно е и тоа дека постојат одредени земји каде што овие закони што ја регулираат оваа материја се по обемни, меѓутоа треба да се напомене дека ова се закони кои регулираат и други односи, се мисли пред се на трговските закони каде што освен статусите на овие друштва се регулираат и некои други односи на стопански субјекти, или пак во некои земји овие односи не се регулирани во посебни закони за трговски друштва, туку во облигационите закони.

Со оглед на тоа дека се работи за прва фаза само накратко би изнел некни поконкретни забелешки на овој закон.

Како прво би навел дека во овој закон се повторуваат многу одредби кои се однесуваат за сите видови на трговски друштва. Во секој одел поодделно трговско друштво иако се тие заеднички за сите трговски друштва и тие можат да се регулираат во заеднички одредби со што законот значително би се скратил. Како пример само би ги навел одредбите кои се повторуваат во секој вид на друштво дека друштвата се организираат односно основаат со договориво писмена форма дека се запишуваат во трговски регистри итн.

Понатаму, од овој закон произлегува, а и во образложението се наведува дека целта на овој закон е да се ограничи автономијата на волјата на основачите односно на другите субјекти кои основаат одредени видови на друштва. Но, јас би рекол дека законот нивната волја сосема ја минимизира бидејќи длабоко навлегува во односи кои исклучиво би требало да се регулираат со договори за основање на друштво, нивните статути, деловници и други акти така да во поглед на својата обемност може слободно да се каже дека овој закон потсетува во некои делови на некогашниот закон за здружен труд односно на еден учебник, што секако не е целта на овој закон.

VII/3.-

Исто така во овој закон непотребно се наведуваат некои одредби кои сами по себе се подразбираат. Како на пример многу членови каде што се зборува за подружници, во досегашната терминологија познати како претставник на филијали или слично, со кои се вели дека тие работат во име и за сметка на друштвото, што само по себе се подразбира бидејќи тие само така можат да работат. Тие можат да работат во свое име и за своја сметка само во преземање на некои дејства во врска со нивното егзистираше.

Исто така непотребно се наведува во повеќе наврати дека уделите во одделни друштва треба да бидат различни. Понатаму се наведува дека тие не мора да бидат еднакви, што се повторува едно со друго, а и само по себе се подразбира.

Исто така овој закон навлегува и во односи кои се предмет на регулирање на закони од други области. на пример Законот за облигационите односи и тоа посебно кај Институтот застарување, бидејќи општите и посебни услови и роковите на застареност се регулирани и треба да се регулираат со облигациони прописи, па би настанала навистина чудна правна пракса доколку со сите посебни закони или повеќе посебни закони би се утврдувала сферата од областа на одделни облигациони односи. А, исто така со закон се регулираат и односи кои се предмет на чистите меѓусебни облигациони односи на подружниците односно на другите основачи.

Нејасно е тоа зошто во овој закон се регулира положба и статусот на странските основачи односно вложувачи кога посебноста на странските вложувачи се регулира со посебни прописи. Освен тоа во најголем број на земји, во најголем број на закони во светот кои ја регулираат оваа материја положбата на странските лица е изедначена со домашните, значи не се споменуваат во овие закони.

Исто така кога веќе се споменуваат таквите односи не се такви целите на повеќе неразбирливи лимитирачки одредби. Само како пример би навел дека странското друштво во Република Македонија може да основа подружница ако во државата во која егзистира е регистрирана најмалку две години. Ако се мисли овде на заштита на оснивање на подружници од фирми с,о лош бонитет, времетраењето е само еден од елементите на бонитетот при што може да биде и сосема безначајно особено ако се има предвид и статусните можни промени на друштвото.

Таквите и слични одредби односно непотребните документи кои се бараат при регистрацијата односно при формирање на овие подружници од страна на странските друштва, како што се на пример извештај за двегодишно работење на странско друштво доколку тоа воопшто се дава во одделни земји, бидејќи во одделни земји тие воопшто не се даваат и разни видови одобрение наместо евентуално евидентирање на договорите во Министерството надлежно за економски односи со странство. Многу потсетува на надворешно трговски односи од поранешниот систем и во многу ќе го отежнат работењето односно отворањето на овие подружници кои често во праксата претходат на некој друг вид на основање на трговско друштво или друго правно лице во Македонија од страна на странски вложувачи.

Од општите забелешки на овој закон, на предлог за донесување на закон би кажал и тоа дека не постои никакво разграничување по дејности, туку само по статусот на друштва, како и тоа дека не се доволно прецизни одредбите за разграничување на друштвата со не ограничена одговорност односно имотот кај овие друштва не е јасно кажано кој се имот се смета при овие друштва на неограничена одговорност. Дали е тоа само личниот имот или и имотот на некои потесни членови на семејство итн.

VII/5.-

Во општите забелешки би истакнал и тоа дека и покрај тоа што е наведено во образложението единичниот трговец односно трговско физичко лице би требало да се регулира со еден друг закон. Мислам дека за тоа се потребни неколку одредби, така да единичните трговски друштва, единичните трговци да бидат опфатени во овој закон.

На крајот би се осврнал накусо во поглед на минималните лимити односно цензуси предвидени за основање на друштвата. Тука пред се мислам на друштвото со ограничена одговорност кое убедливо е најзастапена форма на стопанските субјекти, а тоа сигурно и понатаму ќе остане. сметам дека минималниот лимит од 10 илјади германѕки марки во денарска противвредност во овие наши сегашни услови особено ако се има предвид дека друштвото со ограничена одговорнсот може да се основа и за вршење и на интелектуални и на други видови услуги. Ваквиот лимит би бил ограничувачки фактор за почетна приватна иницијатива на луѓе кои се невработени или пак остануваат без работа како технолошки всушност технолошки вишок. Со ваквиот лимит сигурно би дошло до намалување на преголемиот број на стопански субјекти но ако се размислува со оваа мерка да се воведе некоја поголема сигурност во меѓусебното работење на стопанските субјекти ова само по себе не мора да значи бидејќи заштитата на правата на стопанските субјекти во меѓусебните односи би требало да се бара пред се во поголемат ефикасност во реализација на средствата за обезбедување на наплата по сите видови, поголема ефикасност за наплата по судски пат и евентуално кривична одговорност во случаи на измама и слично.

Висината на овој лимит од 10 илјади германски марки во денарска противвредност како оснивачки влог е голема и поради тоа како се има предвид дека многу по развиени земји од нас овој лимит е доста понизок.

На пример ќе ја наведам Австрија, да не зборувам и за некои други земји во транзиција, а еден мал број на земји има поголем лимит од овој како што е на пример Германија итн. Затоа повторувам дека некои лимит сигурно треба да постои , бидејќи досегашните се доста ниски и смешни, но тие треба да бидат значително по предложениот лимит од 10 илјади германски марки.

На крај би се задржал уште само на роковите. Пот претпоставка овој закон на 31.12.1995 година предвидени се рокови од 6 месеци, кои се доста прекратки , затоа што знаеме, сме имале одредени закони и поголеми рокови, а настанува хаос така да мислам дека е тој рок доста нереален, ,во рок од 6 месеци пререгистрација и преструктуирање на друштвото согласно овие закони. Затоа кажувам дека ова во наредните фази би требало да се разгледува затоа што би требало да се размисли сериозно околу овие рокови.

**ЈОВАН ЛАЗАР0В:**

Почитувани пратеници, овој закон преставува еден од значајните законски проекти за економски реформи и затоа заслужува да му се посвети целосно внимание, како што беше планирано и посебна седница на Парламентот.

За овој закон во Социјалистичката партија организиравме посебна трибина. Читајќи го законот се добива впечаток дека авторите вложиле голем труд и ги консултирале сите позначајни закони од оваа област. Овој закон треба долго да важи, а измените треба да се многу ретки и многу мали. Тоа не е партиски закон, тоа е закон за сите со што до негово конечно оформување треба да се вклучат научни работници како од правните така и од економските науки.

Добро е што се вградени препораките на Европската унија со што овој закон го прави компарабилен со законите на другите Европски земји и да се надеваме дека тој ќе придонесе за полесно приклучување кон Европската унија. Тој треба да биде закон кој ќе ги опфати сите форми на претприемаштво со подеднаков третман на домашните и странските лица. Паралелно со овој закон треба да се донесе закон за погодности на странските вложувања со што ќе постанеме атрактивни за вложување на странскиот капитал. Македонија е мала за да биде индустриска земја, но со оглед наместо положбата погодна е да биде трговска земја во смисла на трговија и услуги. паѓа во очи дека постојат голем број на одредби од процедурален и деловнички карактер, но тоа не треба да не вознемирува бидејќи тоа го подобрува законот и ја зголемува неговата прецизност.

Би било добро во прилог на законот да се изготват модели на статути на 5-те основни видови друштва со што се поедностави процедурата за упис во регистарскиот суд. Со едноставна изјава на содружниците дека го прифаќаат статутот кој е во прилог на законот.

За да може да профункционира овој закон потребни се голем број на книговодствени и финансиски стандарди и прашање е дали тие ќе бидат подготвени до неговото усвојување.

Како заклучок би рекол дека текстов претставува добра основа за изработка на солиден закон и создавање услови за елиминирање на шпекулативната трговија.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, спрема мене , и општо прифатливо е дека е еден од најважните закони за реставрирање на капитализмот бидејќи е

во фаза на проект, а проект може да биде, он е добро поднесен во членови, може да биде и во друга форма, меѓутоа важно е што треба да биде проект со кој треба да донесеме одлука дека има потреба од донесување на таков закон.

Најважно е према мене да се утврди целта за доенсуваше на овој закон. Јас од министерот Миљовски чув дека основна цел беше потенцирано неколку пати дека основна цел за донесување на законот е максимизација на профитот. јас колку знам и во капиталистичката теорија, а и од мојата подолгорочна пракса во стопанството, а и во теоријата целта не е максиминилизација на профитот туку максимилизација на богатството. Богатството е најважната работа која што треба да се случи понатаму во претпријатието во државата. Така според мене е многу различно максимилизирањето на профитот и максимилизирањето на богатството во претпријатието во државата. Според мене треба да се користи оваа макцимилизација на богатството, а не максимилизација на профитот, а кој си ја знае целта полесно ги наоѓа патиштата како да дојде до целта. Мислам дека е многу важно со овој термин да оперираме, а не со максимилизација на профитот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само една напомена. Овој закон не е партиски, ама и ни еден закон што го носиме овде не е партиски. Ова Собрание е на цел народа, на сите граѓани во државата. Да не настане забуна. Затоа велам кога се зборува да се внимава. Таа реторика по некогаш е противречна, па удара многу непријатно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Почитуван претседателе и колеги, убаво некои го нарекова овој закон историски закон. Потполно сум согласен и јас денешната распава

ја подразбирам како почеток на запознавање со овој закон, размислувања, дотолку повеќе што успеав со голем напор сепак да го прочитам за оваа денешна седница, со конкретни предлози.

Привидно е дека овој закон е со многу членови, затоа што ако се чита многу детално овој закон дерогира многу други закони така да неговата обемност е многу релативна работа. Предлагам бидејќи овој закон ќе го донесуваме во три фази барем така е договорено, дали тоа ќе биде за 6 или 9 месеци и т.н. ќе зависи од нашето ангажирање и активности. Предлагам бидејќи ова е еден нов закон за сите нас, сите ние се обидуваме во овој закон да се најдеме себе си врз база на досегашното наше искуство и искуството на она што значи; наша вистина и наша стварност. Предлагам за да можеме во понатамошниот тек на разгледување на овој закон во следните фази да се обезбедат одреден број примероци, нека бидат 10 од германскиот и францускиот модел, кои што тука бе апострофирани како модели кои што се најповеќе користени при изработката на овој закон, за да можеме и ние како пратеници активно да се вклучиме, да упоредуваме, да размислуваме со една единствена цел, како што рече и еден од претходните говорници да донесеме закон кои што ќе трае или кој што ќе треба многу малку да се менува.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во интерес на времето не би сакал сега да изнесувам соодветно мислење кои беа презентирани по различни основи на комисијата за стопанство. Уште во почетокот сакам да заговорам една идеа која не е присутна во концепирањето на моделот, а тоа и во извештајот на Комисијата за стопанство не е појаснето.

Мислам дека во самиот овој концепт на уредувањето на законот, или во покасна фаза ако сега не може да се вградат елементи добро би било да влезат холдинзите односно холдинг компаниите, холдинг концерните. На тој начин ние би имале следење или пратеше од почетокот на формирањето на фирмата, па до крајно конечно нејзино одумирање. Мислам дека во самиот концепт би требало оваа идеа да биде вградена како би можел да биде овој закон по својата содржина прилагоден во стандардите на европските токови.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа. Денеска имаме еден огромен закон кој во себе содржи целокупно стопанско работење на стопанските субјекти кои треба во суштина да ја твориме и пазарното стопанство и стопанисување. Оттука сметам дека со отпочнувањето на расправата за донесувањето на тој закон треба еден долг временски период за согледувања на сите решенија кои се нудат како форма од една страна, а од друга страна овозможување на материјали услови на донесување други системски закони кои треба во суштина да ја отстранат хоризонталната коалиција која ќе настане со донесувањето на овој законски проект.

Во светот на пазарно стопанство се познати два система, а тоа е Аглосаксонскиот модел, систем на организација на пазарното стопанство и Европскиот модел кој во овој закон е прифатен по европскиот модел на организација на стопанските субјекти кои треба да учествуваат во нашето пазарно работење.

Ако тргнеме од компонирањето ан самиот законски проект од вкупно 711 членови сметам дека е еден огромен закон кој во себе содржи повеќе системски закони, а тоа е законот за аблигациите, Законот за

присилно порамнување стечаи и ликвидација, Законот за хартии од вредност, се уште не донесениот закон за нотарски работи кои треба да ги анулира договорите за да можат тие стопански субјекти да бидат регистрирани од регистарските судови и сите други ...

VIII/1.- ЛП-ВБ

**ТУШЕ ГОШЕВ**: (продолжение)

Сите други стопански закони кои го регулираат стопанисувањето на земјата, за да може на овој закон да му се створат услови за да може и практично реално да ја регулира таа материја која се труди да ја уреди. Општа забелешка е и тоа дека Законот содржи многу одредби кои се повторуваат, кои во суштина се принцип за сите стопански субјекти кои треба да стопанисуваат, почнувајќи од отпочнување на постапката за регистрирање, меѓусебните односи во облигациите во облигационото однесување на расправата, располагањето со сопственоста и сопственичките односи, што се уште кај нас морам да забележам и ако отвориме пазарно стопанство не е донесен законот за основните сопственички права, каде ќе се дефинира сопственоста по обем и содржина, а се уште стоиме на тоа дека во нашето стопанисување постојат повеќе облици на сопственост кои дефакто не се дефинирани, па оттука не може да се направи системски закон кој треба да биде основа за воедначување на работењето во управувањето и одговорноста во стопанисувањето во пазарни услови.

Општа забелешка е дека повторувањето на одредени одредби треба да се надмине, од една страна, од друга страна, употребата на техниката на позитивна енумерација на уредувањето на односите меѓу стопанските субјекти дефакто ќе створи една огромна јуридизација на материјата или ограничување на слободата на дејствувањето на стопанските субјекти кои ќе учествуваат на пазарот, од една страна, а од друга страна и ако отвориме ние пазарно стопанисување, прифаќајќи ја либералната теорија, треба да направиме дерегулација на системот во кој ќе овозможиме креативната мисла, слободата, претприемаштвото, знаењето да дојдат до полн израз. Тоа не значи дека треба да се ослободиме од системските норми кои ќе го поставаат темелот на стопанисувањето на тие стопански субјекти, туку зборувам за оние

одредби кои се повторуваат низ целиот закон, а за кои веќе еднаш се спомнати и се однесуваат за сите стопански субјекти.

Исто така, не сакам да ги повторувам кажаните забелешки на денешната расправа. Единствено сакам да кажам дека трансформирањето на системот и стопанските субјекти не е статичка категорија само со донесувањето на законот да се преведе во механичка смисла на стопанисувањето и работењето, туку дека тоа е позитивен процес кој треба да се одвива подолго време, и ако ги погледнете роковите кои се дадени за трансформирањето на стопанските субјекти во тие клаузус нумерус во тие задолжителни норми, кои треба дефакто да се трансформираат во тие норми кои ги предвидува самиот законски проект, ќе видите дека не постои ни формална шанса тоа да се направи, од една страна, а од друга страна да профункпионира тоа како систем се уште немаме создадено ни материјални услови од другите системски закони кои треба да ги донесеме. Патем да кажам дека вие го употребувате изразот договорот за основање на такво друштво да биде заверен од нотар. Ние се уште во нашата држава го немаме донесено законот за нотарски работи и дефакто зборуваме за нешто што се уште во Републиката го немаме видено.

Исто така, морам да забележам дека со донесувањето на еден ваков законски проект под итно треба да се изменат сите други системски закони, тоа е Законот за облигационите односи, Законот за хартии од вредност, Законот за присилно порамнување и стечај и другите закони кои ја уредуваат таа материја, за да може да заживе тој законски проект во праксата.

И тоа сакам на крајот да нагласам дека ако го донесеме тој системски закон, тој во суштина ќе ги дерогира и аборгира сите други законски проекти кои ги имаме денеска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за трговските друштва.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Нацрт на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии, Министерството за развој, Министерството за стопанство и Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

82 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Преминуваме на **5-та точка** – Предлог на одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на судиите во Врховниот суд на Македонија, окружните судови, Стопанскиот суд на Македонија и окружните стопански судови.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

82 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на судиите во Врховниот суд на Македонија, окружните судови, Стопанскиот суд на Македонија и окружните стопански судови.

Преминуваме на **<u>6-та точка</u>** - <u>Предлог на одлука за разрешување и именување член на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".</u>

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?

80 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување член на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

Преминуваме на **7-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за фолклор "Марко Цепенков"- Скопје за разрешување од должноста индивидуален работоводен орган на Институтот.

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака.

82 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за фолклор "Марко Цепенков"-Скопје за разрешување од должноста индивидуален работоводен орган на Институтот.

Преминуваме на **8-та точка** - Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

83 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија.

Преминуваме на **9-та точка** - Предлог на одлука за основање на Пратеничка група на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Албанија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

83 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на Пратеничка група на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Албанија.

Преминуваме на **10-та точка** - Предлог на одлука за основање на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? )Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

83 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на Пратеничка група на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија.

Преминуваме на **11-та точка** - Предлог на одлука за основање на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Ќенан Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Со оглед дека бев отсутен еден краток период, ја користам оваа прилика ненадејно по оваа точка малку да продискутирам.

Имено, сосема кратко, во врска со одлуките - веројатно ќе ми дозволи г-динот претседател - за основање пратенички групи на

Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на наведените држави. Имено, сакам да поставам неколку прашања до Комисијата за изборите и именувањата и тоа по ред.

Прво прашање: по кои критериуми се одредуваат членовите на Пратеничката група на Собранието на РМ за соработка со Парламентите на странските држави.

Второ прашање: дали и при составувањето на ваквите пратенички групи упорно ќе играме математика, исфрлувајќи ги од игра политичките субјекти кои во најмала рака се фундамент на градењето на вакви мостови на пријателство.

Трето, има ли интенции декларативните тврдења дека припадниците на националностите може да ни послужат како мостови за пријателство со соодветните земји најпосле да се преточи во практично реализирање и до кога односот кон одредени национални ентитети ќе го регулираме преку бројот и застапеност на тој етникум во Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? Има збор г-динот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Мислам дека добронамерно треба да се разбере оваа интервенција на г-динот Ќенан Хасипи и мислам дека треба да се вклучи тој во таа комисија. Ако не може да се зголеми бројот на еден член, предлагам да се замени, но јас мислам дека не би пречело и да се зголеми бројот за еден член.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

73 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

4 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

6 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција.

Сугерирам овие интервенции што беа во расправата дадени да се достават до Комисијата за избори и именувања, да оцени и постапи во согласност со тоа што сама ќе заклучи. Денес да не се влегува во претрес на тоа, Собранието одлучи.

Деловничка интервенција има г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се извинувам што почнувајќи по расправата по овие точки од дневниот ред не бев присутен во салата и користам деловничка можност од една минута да објаснам во врска со некои забелешки што беа тука истакнати.

Прво, Комисијата работеше согласно Деловникот за работа на Собранието и врз основа на договорот на бројот на застапените пратенички групи во Собранието во Република Македонија и бројот на членовите во пратеничките групи и распоредот внатре е утврден согласно мандатите што ги имаат пратеничките групи во Собранието на РМ.

VIII/10 . -

Инаку, што се однесува за забелешката на предпретходниот дискутант, ако дозволите да ве потсетам, при формирањето на работните тела истиот кандидат се откажа како неконсултиран, со оглед на тоа што да ја искористи својата можност да припаѓа на некоја парламентарна група во Собранието каде што би можел да ги остварува своите права како пратеник во договорите меѓу парламентарните групи.

Во тие услови, тогаш кога Комисијата за избори и именувања најде за сходно г-динот пратеник да биде застапен во една од комисиите, тој се откажа. Инаку, стои забелешката дека желбата на одделни пратеници за соодветен специфичен ангажман политички во Собранието треба да се почитува, но усогласен и со другите правила, согласно другите интереси на пратеничките групи и пратениците што се во Собранието на Република Македонија.

Јас се надевам дека ваквиот појавен интерес на г-динот ќе биде во прва наредна прилика дадена можност да може да се акцептираат неговите желби и можности за ангажирање во работата на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не расправаме. И вие барате деловнички.

Има збор г-динот Ќенан Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Бев по се изгледа спомнат, не бев именуван, меѓутоа, предпретходниот дискутант значи дека јас дискутирав. Имено, во интерес на вистината јас сакам овде нешто да им пренесам на парламентарците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е реплика, ве молам.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Само да се доразјасни ситуацијата, јас сум член во три комисии, тоа значи дека јас не апстинирам од членување во комисии.

Второ, Јас не се учленив во Комисијата за избор и именување, што индискретно не значи дека немам право да бидам делегиран во одредени делегации. А се повлеков од таа Комисија за избори и именување со оглед на тоа дека постоеше огромна расправа каде што во игра се воведоа математички параметри и во интерес да се разреши тој чвор јас се повлекува од таа комисија за избори и именување. според тоа враќањето на тркалото при изборите на комисиите назад не е во најмала рака добро, бидејќи сосема друга тема е на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, никој не спомна, господинот Хасипи, па нема основа за реплика. Инаку, не треба да отвораме расправа за тоа, туку колку што сугерирав, а и што беше договорено дека тоа ќе биде разгледано.

Минуваме на **точката 12** - Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Република Италија.

Предлогот на одлука Ви е поделен.

ОТВОРАМ ОПШТ ПРЕТРЕС

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 79 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање (не).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на пратеничка група на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Италија.

Минуваме на **точка 13** - Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Република Франција.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Господин Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Со оглед дека сметам дека има многу покомпетентни што можат да бидат членови на оваа комисија, ве молам да ме изземете како член на оваа Комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само нешто да Ви објаснам, овие предлози што ги дава Комисијата за избори и именувања одат како што Комисијата ги дава предлози за нивни измени треба да одат со нови одлуки што би ги дала Комисијата. Единствен овластен предлагач. Ве молам, ние бидејќи овој предлог го имаме ваков од Комисијата треба да го донесеме. Господинот Ружин ќе си ја извести Комисијата да даде нов предлог, ќе поднесе оставка во таа група и Комисијата ќе ни предложи друг. Не можеме предлозите на

Комисијата по Деловникот овде да ги менуваме. Заради тоа и не влеговме во расправа по предлозите во техника на менување на господинот Хасипи и интервенцијата негова и на господинот Рамадани. Дајте да работиме денес по деловникот. Ова е само една информација од господинот Ружин дека тој нема да прифати да работи во оваа група, тој после ќе си ја извести комисијата, комисијата да си поведе постапка.

Молам, дали некој друг бара збор? (Не).

бидејќи никој не бара збор го заклучувам предлогот по текстот на Предлог одлуката.

Не, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

75 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

дали некој се воздржува од гласање. (троица се воздржуваат од гласање).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на пратеничка група на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција.

Минуваме на **точка 14** - Предлог на одлука за основање на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Република Словенија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

77 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на пратеничка група на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија.

Минуваме на **точка 15** - Предлог на одлука за основање на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Руската Федерација.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

82 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

IX/5.-

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на Пратеничка група на Република Македонија за соработка со Парламентот на Руската Федерација.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ,. ја заклучувам 14-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 15,40 часот).